утрински Весник

Број 2957 среда, 08 април 2009





nextsense WebBuilder
Почни со „Утрински"
XML
sitemeter



Најди! во Утрински

Мислења
» Во државната каса е нож до коска

Прашај го „Утрински"
Одговара: уредничката на Скопска
Билјана Ангеловска

Најчитани 10 во 10 дена

ГЛОБУС ON-LINE

Banking

МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ

Мислења

# Застрашување во режија на Груевски



Мирослав Грчев

**Додека премиерот не го испорача непознатиот сторител, додека активно го крие, единственото објаснување е дека тој лично е организаторот на насилството**

Нецел час по насилното задушување на првото симболично архитектонско востание предминатата сабота, премиерот Груевски пред целата македонска јавност го искажа своето убедување дека јас сум бил организаторот на клучниот настан на меѓуизборието - мирниот протест на група студенти по архитектура против урбанистичкото силување на Скопје. Денес, сите знаат дека студентите се самоорганизираа поттикнати од спонтаното гадење од "владините проекти" што го девастираат центарот на престолнината. Од друга страна, на јавноста - нашата и меѓународната - и' останаа непознати организаторот и координаторот на гнасниот чин на насилното одземање на со Устав гарантираната слобода на уверувањето, јавното изразување и правото на мирен јавен протест.

За насилното задушување на протестот од страна на организирана фашизоидна фаланга, премиерот во таа пригода немаше ниту збор коментар. Наместо осуда на насилството, тој со мајсторски рефлекс ја исфрли старата „лоповска" улична финта „држете го крадецот" со која долги милениуми битанги успешно и' го свртувале вниманието на јавноста во погрешен правец. Но, настанот беше исклучително богато визуелно документиран, а контрастот меѓу студентите и одвратната толпа што ги навредуваше и тепаше изгледаше хипнотизирачки на секој нормален човек. По неуспешниот обид да ја изврти медиумската перцепција на настанот, нашиот мајстор за манипулација пристапи кон планот Б: да се обвинат студентите за ненавремена најава на протестот, за слаба организација, немање редари и слични трици со кои ним би им се префрлила одговорноста за настанот. Кога целата јавност на која овој пат не и' беа потребни вообичаените евтини финти за да заземе став за работите што ги гледа со сопствени очи, не го проголта ниту овој во суштина тажен обид, премиерот, неговата министерка за внатрешни работи и нивната гебелсовска камарила се фатија за планот

В и на него упорно се држат и ден-денес. Според планот В, имаше две групи протестанти, дојде до тепачка, надлежните органи ги идентификуваа учесниците во тепачката, поднесени се соодветни пријави, бла, бла, бла и на тоа слични успивателни мантри. До денес, премиерот не ги раздвои жртвите од насилниците, не им се извини на студентите, не ми се извини за клевета ниту мене, не го санкционираше неприфатливото однесување на полицијата и не ги испорача резултатите од истрагата - нарачателот, организаторот и егзекуторите. А, овие последните според спомнатиот редослед, зашто никој не е премногу заинтересиран за идентификација на тепачите - нив сите ги видовме снимени како филмски ѕвезди! Она за што јавноста навистина би требало да е заинтересирана е функционирањето на правната држава, кое ќе се докаже само со идентификацијата на организаторот на гнасното малтретирање на стотина девојчиња и момчиња од страна на идните одреди на смртта!!!

Изгледа неверојатно, но евтините финти на македонскиот неогебелсијанизам од типот: пропаганда + застрашување = преродба во милион чекори се чини дека се' уште успеваат кај македонскиот граѓанин. Овие стари финти се креирани одамна, најчесто во несреќни оловни времиња, а денес во Македонија власта ги применува врз претпоставката дека во земјата живее ментално ретардирано население. Доколку претпоставката се покаже погрешна, лагите на власта би морале да бидат масовно провалени и отфрлени, но, за жал, формулата се' уште успева. Очигледно е дека овој успех се' повеќе се должи на нејзината втора состојка - стравот!

Токму поради случајното разоткривање на механизмот на застрашувањето на кроткото македонско население од страна на власта, архитектонското востание беше клучниот настан на пролетта. Што, всушност, македонската и меѓународната јавност видоа онаа црна сабота? Тие го видоа вистинското лице на македонското псевдодемократско општество. Тие ја видоа групата студенти како стапнаа на скриеното копче пред влезот во „храмот на пропаста", копче со кое се активира монструозен механизам за застрашување, притисок и малтретирање на населението. Некој потоа им мигнал на одамна регрутираните фаланги, некој организирал и платил автобуси за превоз на одредите од повеќе македонски градови, некој им исплатил дневница за оброк во престолнината, некој ја координирал МПЦ и ги добил на услуга нејзините реквизити, некој ја посочил локацијата и времето на студентскиот протест, им ги симнал заштитните кошници од муцките и им рекол дека можат да касаат... За да се скрие тој „некој", премиерот и неговата полициско-медиумска машинерија упорно го маргинализираат случајот, воведуваат симетрии меѓу жртвите и насилниците, ја анестезираат јавноста со здодевни извештаи за прекршочни и кривични пријави, ги кријат насилниците од камери (истите оние што тепаа пред камери!), небаре на полицијата и' е најважна пресумпцијата на нивната невиност, и што се' не. Но, јасно е дека сега, по изборите, најважното прашање за премиерот е: кој е тој „некој", по ѓаволите, кој е наредбодавец и организаторот на насилниот контрапротест и на фашизоидните фаланги за застрашување на македонскиот народ ?!?

Фрлениот камен може да промаши, рекол Русо, но намерата секогаш погодува. Токму затоа идентификацијата на нарачателот и организаторот, а не само на извршителите, и неговото испорачување на органите на правдата, е единственото исходиште на овој скандал кој можеби може малку да ја коригира сликата за условите во кои се одвива македонската демократија. Вака е јасно, дека власта стои зад организираното насилство и дека, всушност, во Македонија се случува мека

фашизоидна диктатура, во која се задушуваат човековите слободи и права, во која се застрашува населението и на тој начин се фалсификуваат резултатите од се' помирните и понедемократските избори.

Додека премиерот не го испорача овој непознат сторител, додека активно го крие по секоја цена, единственото логично објаснување е дека тој лично е организаторот на насилството кое стана слика на неговото сопствено практикување на власта.

(Авторот е универзитетски професор)

Статијата е прочитана 2945 пати.

Испрати коментар

Од: Makedonec vo EU

Датум: 08.04.2009 00:11:00

Sto li ke kazat sega studentite koga Koce ke napravi gumno na plostad (da se cuvstvuva kako doma)..

Од: Hari od Njujork

Датум: 08.04.2009 00:15:14

I pokraj fasizoidniot atak vrz demokratijata se razbira naracana od Premierot(za zal podrzana od MPC), nasiot narod resi da zivee vo diktatura. Stravot od DPMNE masinerijata ne trebe da bide pricina za pasivnost, albancite pokazaa zrelost na izborite a makedonceto si ostanuva makedonce i zatoa ke nema drzava. Prv pat vo zivot se sramam sto sum Makedonec!

Од: miki

Датум: 08.04.2009 00:32:16

gospodine grcev podnesuvanje krivicna prijava ne e anestezija tuku e jasen fakt deka se prezemaat merki protiv odredeni luge, a ako gruevski te klevetel zosto ne go tuzis za navreda,seto zboruvanje zan kleveti moze da se resi po sudski pat ima institucii koristi gi ako ne znaci se sto se kaza za tebe e vistina.

Од: pepi

Датум: 08.04.2009 00:32:47

A sto mislite profesore deka ovoj narod navistina e potomok na Aleksandar Veliki,da bilo taka makedonceto ne ke go trpese turskoto pet veka,bugarskoto,srpskoto i koe ne uste ropstvo i ke imase drzava site ovie izminati deset veka,ako toa go mozele crnogorcite zosto ne i makedonceto.Ama ima edno pravilo,veli gledaj mu go imeto pa ne prasuvaj za potekloto a, makedonceto sekogas bilo Trpe,Stojan,Trajan....

Од: Ace od Avstralija

Датум: 08.04.2009 01:04:03

Vladata e fasisticka, se bunite za crkva da se izgradi vo centarot, Gruevski diktator... kolku bolni " Makedonci " ima? Miroslav, vaka so opsirni pisuvanja nema efekt. Kazi kako maz toa i toa, a ne so SDSM-ovski finti da zivees vo iluzii.

Од: Vi ste na potez

Датум: 08.04.2009 01:50:52

G-dine Grcev . Vie licno preku mediumite bevte posocen kako organizator na protestite . Ako ste vo pravo mozete da tuzite za kleveta i navreda na vasata licnost pred celokupnata makedonska javnost. Ako pak toa ne go napravite znaci ne ste potpolno cisti vo taa rabota. Pa sega Vie odberete koj potez ce go prevzemete.

Од: Filip Shumski USA

Датум: 08.04.2009 02:43:16

Chesto vo komentarite chitam na izjavi od del na Mkedonci i mislam poveketo vo diasporata i predvidam deka se mladi koi se razocharani od nekoi slucki izjavuvaat(deka se sramat oti se makedonci) jas nikogash nese stramam oti sum Makedonec nego se gordejam natoa a se ograduvam na onie nepravilnosti shto gi cinat del moj sogragani. Isto go podrzvamprotestot na studentite a shtose odnosi za naracahatelot na anti protestot jasnoe koe onaj koj saka da gradi crkva vo centarot a toa e M.vlada. Pa bise zaprashal zar neie dosta na R.M.crkvi i krstovi pa neli imame najpoveke od site na tie prostori i pred malu vreme chitav deka sme vtor Erusalim dali nemame mnogu drugi povazni zafati dase finansiraat vo RM koga graganite se na prosjachki stap niv imtreba prvo egzistencija za zivot a ima dosta prostor kade dase pomolat na gospod.

Од: Marx

Датум: 08.04.2009 02:48:00

Makedonec vo EU, dobro me iznasmeja!!!! Gumno na plostad, ha ha ha ha ha! Pa toa e izvoredna ideja, moze da sviri i narodna muzika, ha ha ha ha ha h.....

Од: Trpe original

Датум: 08.04.2009 05:23:03

Chitajki ja vashava kolumna dojdov do zakluchok profesore deka vie navistina ste bile organizator na protestite!

Од: Petre

Датум: 08.04.2009 06:43:30

Вакво „архитектонско востание“, како што велиш, требаше тебе да ти се случи кога како градоначалник почна со уништувањето на Дебар Маало. Таму направи охридски урбанизам: и на 6-ти кат пружајки рака, станарите можат да се ракуваат со соседите преку улица. Ти го започна процесот на уништувањето на Скопје и како добар професор брзо ја научи урбанистичката мафија,твојот дебармаалски урбанизам да го применува на целата територија на Скопје. Штета што сме толку толерантно општество инаку ти не ќе можеше да го уништиш Дебар Маало. Секој може да го коментира настанот на плоштадот но не и ти.

Од: tim tim

Датум: 08.04.2009 06:47:22

Protestite se demokratsko pravo. Osuda za tie sto se obidoa da gi sprecat, a sudska presuda za tie sto primenija sila. Toa e kako prvo. Kako vtoro, ogromno mnozinstvo glasase za

Koce Trajanovski, sto znaci, ogromno mnozinstvo glasase za spomenik na Aleksandar i crkva na plostad. Toa i bese svoeviden referendum. Toa treba da se pocituva od ostanatite.

Од: ivan

Датум: 08.04.2009 07:17:38

Grcev pa posten i deli pamet, haha

Од: Skopjanka

Датум: 08.04.2009 07:28:32

Г.Грчев ова наше Скопје одамна е силувано меѓу другото и од вас па незнам зошто и досега студентите не протестираа?или пак додека вие одлучувавте не смееа!Ги имам вашите години и цел живот го минав тука но Скопје па ако сакате и плоштадот особено тој никогаш не бил погрд и по непристапен.Немојте да се правите наивен и да не правите сите нас, како што протестот беше партиски организиран од тракви како вас ,така и контрата на него слични но од другата страна од вашата.

Од: jass

Датум: 08.04.2009 07:38:48

Ve napadnaa deka ste go organizirale protestot na studentite. Pa i da e taka, toa ne e zabraneto. Jas vi velam deka ste zgresile sto vie i drugite profesori od vasiot fakultet, koga vekje ne zastanavte pred studentite, togas bar da zastanevte zad niv. A ne da se branite deka nemate nisto so toa. Pa vasata institucija e najpovikana da dade mislenje za vakvi prasanja. Dajte im zadaca na vasite studenti celosno da go resat izgledot na plostadot. Pretstavete go proektot na javnosta. Javnosta otvoreno da diskutira za toa, da dava zabeleski, sugestii, pa da proizleze resenie na zadovolstvo na site. Posirokata javnost ne znae kade e tocno crkvata, niti kakva e, niti kolkava e. Profesore, ve nateraa v cose. Ve nateraa da se branite i da se pravdate. Namesto toa ponudete resenie

Од: MILENA

Датум: 08.04.2009 07:39:19

MILION posto rezija na grujo, i taka mu treba na ovoj narod, stom odluci da zivee pod DIKTATURA, a vie gospodine Grcev nemoj ni da ste pomislile da go tuzite, nema sud vo MK koj ke donese odluka protiv DIKTATOROT, ne smee.

Од: ZSS - Skopje

Датум: 08.04.2009 08:09:50

Браво професоре!

Од: Лавица

Датум: 08.04.2009 08:22:07

На овој убавецот, како еден од организаторите на „првото симболично архитектонско востание", треба да му закачиме медал и да му дадеме партизанска споменица како првоборец. Црквата и нејзините верници биле „организирана фашизоидна фаланга" и што ли

уште не. Г-не Грчев, такви како тебе, такви како твоите пулени, партиски активисти од СДСМ кои митингуваа во меѓуизборието, кои застанаа против својата црква, такви никој не сака. Нека не ве чуди што народот се обидел да ве истурка од плоштадот. На 22 март и на 5 април целиот македонски народ ви покажа колку ги сака таквите кои се против својот народ, држава и црква.

Од: sonja

Датум: 08.04.2009 08:38:30

profesore se se vraka se se plaka.Ne se sekirajte i na Gujo ke mu dojde ktajot.Se mi se cini deka ke ima kraj slicen kako onoj na causesku.Si licat koga ke vidis vaka.Mislam deka i Gjorge ke mu pravi drustvo.

Од: Болен М. Дојчин

Датум: 08.04.2009 08:46:20

Не бе, грешка сте. Нарачано е од МПЦ и г... на квадрат Стефан, а благословот е од Црни Гуја (у главна улога Р. Паткинсон). И ш`о сте запнале со тој фашизам... Не е фашизам - најцрн комунизам е... И тоа од оние што праќаа у Голи. Не знам, себе си се нарекуваа „кодоши" или, нешто слично... Па, од увек сакаа да дојдат на власт, онака искомплексирани „од сиромашно работничко и земјоделско..." и да кажат дека биле од царски...

Од: Itar Pejo

Датум: 08.04.2009 09:12:22

Ima li novinari vo Makedonija? Ima li nevladini organizacii? Kako e mozno nikoj da ne odkrie i ne objavi nisto za organizatorite na tepacite. Ne se pojavi niedna konkretna informacija! Zar nikoj ne vide od kade dojdoa, koj gi organizirase? Samo se objavuvaat predpostavki.

Од: seuste normalen

Датум: 08.04.2009 09:17:53

Realno mislenje od recitiot profesor Grcev! Gadosta vo makedonskoto opstestvo stana vkus na pobedata na primitivcite na pastirot. Niskosta vo odnesuvanjeto stana profil na pristojno odnesuvanje.Site vrednosti se namerno izmesteni za primitivnata politika na redot na portokalovite, za da moze da dise. Niv ne im treba svez vozduh bidejki ke se zadusat, gnasotilakot e nivniot areal! "Miro Care mi te volimo!"

Од: Biljana

Датум: 08.04.2009 09:34:16

Господине Грчев...Зошто по нападите на премиерот , не се оградивте од протестите на студентите, ако стварно немавте ништо со тоа...????, како што црквата се огради од тие што протестирале во нејзино име... Зошто не излеговте јавно да кажете дека не стоите зад студентските протести, а со тоа и да се спротиставите на обвинувањата на Премиерот. Ако направевте така можеби ќе ви поверувавме, ама вака подмукло со плукање... мислам... за што не мислите дека сме малоумни, неписмени , глупи???? , како што вашите плукачи по весников го прават тоа. Во вашиов текст

јасно се гледа дека , потполно ги поддржувате протестите , а сте и еден од организаторите на истите заедно со Милчин и Ѓунер. Ако сте честит и искрен човек , би требало да признаете и да не се срамите дека ги поддржувате студентите, а не да се криете и плашите за сопствената кожа. И уште нешто... Не ви срам, ВИЕ да сте против градење, имајќи го во предвид фактот дека направивте градежен хаос во Дебар Маало и Центар, а сте и еден

Од: Св. Петар

Датум: 08.04.2009 09:43:06

Типично СДСМ-овски: Напаѓај, напаѓај, а не понудувај свое решение. Протестите често ги решаваат проблемите, но овие темпирани помеѓу два изборни циклуси, очигледно беа наменети за за да создадат проблеми. Имавте време и пред првиот изборен циклус и сега после вториот изборен циклус. За гревот што го направивте, мислам дека требаше да поминете онака како што лажно тврдите дека сте поминале.

Од: Sarafoff

Датум: 08.04.2009 10:02:11

Dragi Miro vreme e da pocnes da proektiras objekti vo "staro rimski" stil kako go narekuvaat noviot pravec od vladeackata garnitura. Ama izgleda toj stil poveke asocira na Shper i negoviot sef. Slusam ostra borba se vodi megu arhitektite koj ke bide makedonskiot Shper...................

Од: dr minev

Датум: 08.04.2009 10:08:21

Go branev so statii i trudovi vo ekoloskite simpozii-prostranstvoto zad stara zel.stanica koe bese drzavno. Tamu bese prugata.Predlagav pomegju Vodnjanska, Podvoznik,Zeleznicka i Hadzivasilev da ima raskosen park so spomenici, vo sredina na neznajniot junak, ograden so visoka kovana(pristup do 22 casot) ograda a na dvata pola do Vodnjanska i Podvoznik po edna velicestvena palata. Juzen bulevar pod zemja.Tamu da ostanese samo stara zel. stanica.Sega drzavniot prostor e uzurpiran od Ramstor za koj imase drugi lokacii. E zosto be vie g. Grcev ne vlegovte vo takva "antifasisticka"borba da go spasite od fasizam drzavniot prostor i toj da i go dadovte na Makedonija, kako sto sega se borite protiv crkviceto do plostad? Mene licno me boli dusa deka na zlatniot spomenat prostor namesto drzavata Makedonija, triumfira privaten objekt za koj imase drugi dobri lokacii.

Од: b

Датум: 08.04.2009 10:11:52

Na ace od Avstralija-prasanje. A ti so koj fasioidni finti zivees. So tie na tvoeto pastirce?

Од: maxi246mkd

Датум: 08.04.2009 10:18:16

Toa sto pravel Grcev ne znam, ama toa ne im dava za pravo na kopiljacive da tepaat luge po plostad.

Од: profa

Датум: 08.04.2009 10:37:47

jas samo ne mozam da se iznacudam kako moze toj Grcev i kompanija kako nego da bidete protiv crkva, pa vie ste izbezumeni, gospod neka vi e na pomos.se bunevte za krstot na vodno a sega go pretstavuvate kako glano obelezje na skopje. dodeka ima grcevci i nivni kompanii tesko na makedonija.Zosto gospodine grcev ne porenavte arhitektonsko vostanie protiv protiv spomenikot na Skenderbek.

Од: sale

Датум: 08.04.2009 11:50:17

Читајќи ги коментарите од колеги и луѓе што го познаваат Грчев ми се наметнува впечатокот дека баш тој во своето градоначалствување го силувал Скопје и ги гушел туѓите и подобри идеи. Па сега во познатиот партиски стил плаче за Скопје и студентите. Ако имаше тепани па макар и една гребнатинка медиумите ќе беа полни со слики и снимки

Од: Tom

Датум: 08.04.2009 11:53:37

G-ne Grcev,vie seriozno mislite da kritikuvate? E vo toj slucaj kako Skopjanec so zadnina od 3 generacii i sekako so fakti,ve povikuvam na javna debata na bilo koj TV medium koj vie ke go odberete. E-mail adresat i e poznata na redakcijata,pa povelete vo kolku imate hrabrost za javno soocuvanje.

Од: czar

Датум: 08.04.2009 12:14:21

Profesore vi cestitam na hrabrosta , vo ova vreme retko koj moze na vakov nacin da go krene svojot glas protiv vakva diktatura.

Од: nekoj od EU

Датум: 08.04.2009 12:16:25

I ajde sega kako da nemate druga rabota, karajte se so meseci za gluposti, i ednite i drugite! Sto ne protestirate pak? Eve pominaa izborite, organizirajte se, protestirajte, ve podrzuvam navistina, no se dodeka se borite so demokratski sredstva i se odnesuvate civilizirano! Dosta samo placete, i gubite vreme na gluposti. Ako ste vistinski profesionalec ke izlezete so konkretna programa, ili pak ke si ja brkate rabotata, mesto da placete tuka "ovoj, onoj me nakodosi" Kako mali deca ste site!

Од: R.R.

Датум: 08.04.2009 12:27:11

Edinstvenite luge po koi treba da frlame kamenja i se sto ke ni dojde pri raka e Crvenkovksi i negovata partija.

Од: stojko

Датум: 08.04.2009 13:59:29

Број на посетители: **4444077**

A be luge. Znaete li sto e rabotava. Doaga bato Bane. Haosot. Znajte zasto ova go pravi Grcev. Faka mesto vo SDSM. Ete toa e celata rabota. Kakvo arhitektonsko vostanie kakvi bakraci. Doaga Haosot za kratko vreme i e potrebno pregrupiranje na scenata SDSM-ovska.

© 2008 Нова Македонија. Сите права задржани.

Од: od mene

Датум: 08.04.2009 14:29:33

Ne znam kako toa vo slucajov Premierot treba da se izvini na nekoi koi od zadni nameri se tepaat po plostadi??? Koj so malku pamet moze da ocekuva takvo nesto??? Zosto ne se zaprasate malku kako e toa mozno samo edna grupa da bide nasilna??? Drugata sto pravela??? Peela miroljubivi pesni??? Aman Vi se molam, mi e maka veke od pretenciozni prikaski, i zaboravete go veke nastanot, za eden par praznoglavi se pisuva tri veka............. kraj! I ne go mesajte Ruso vo ova, nema potreba, ja sfativme porakata deka sakas da ni kazes deka si nacitan. Neli toa bese namerata na RUSO???

Од: Партиски коментари

Датум: 08.04.2009 15:06:24

Поголем дел од коментарите зални.Факт е еден , студентите беа тепани,Ова е првпат во историјата на земјата.

Од: biljana

Датум: 08.04.2009 15:32:59

Profesorot kako i studentite imaat apsolutno pravo, a vistina i pravda , kako i obezlicuvanje na storitelite i vlasta mozat da dobijat edinstveno ako tuzat. Studentite da ja tuzat drzavata deka ne bile zastiteni i vlasta deka ne se stavila vo nivna odbrana, naprotiv verbalno se izednaceni so drugite. Profesorot bi trebalo da tuzi za kleveta. Seto toa bi trebalo dobro da go razmislat i razgovaraat so advokati.

Од: od sekoj

Датум: 08.04.2009 15:50:32

Мики кога си видел некој од хордата на ВМРОда биде уапсен, и за каква правна држав збориш, па тука се апсат ама оние што не мислат како Груевски, тука се апсат тепаните, А насилниците ќе бидат наградени со по некое место во администрацијата. А Јанкуловска се разбира работи по устав и закон оној на Груевски.

Од: do mene od Milan

Датум: 08.04.2009 18:49:27

"Zosto ne se zaprasate malku kako e toa mozno samo edna grupa da bide nasilna???" - Ti blagodaram sto ni ukaza deka cela drzava sme slepi i ona sto go vidovme na ekranite vsusnost ne e vistina. Isto taka sega ti mi pomogna da sfatam deka logorite za Evreite bile gradeni vo samoodbrana od nivnite napadi vrz nacistite, bidejki neli vinata treba da se podeli pomegu krvnikot i zrtvata. Se gleda deka si golem demokrat.